Бр./Nr 12-1468/4
26-07-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1468/1 од 23.04.2024 година, оформен по доставена пријава за Министерството за ------ – Комисија за одлучување по барањата за ------ за општините ------ со седиште во Општина ------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот, бидејќи за предметниот случај во тек се постапки пред други надлежни органи.

Предметот со број 12-1468/1 од 23.04.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 23.04.2024 година, поднесена е пријава за Министерството за ------ – Комисија за одлучување по барањата за ------ за општините ------ со седиште во Општина ------ (во натамошниот текст: Комисија за ------) и оформен е предмет број 12-1468/1 од 23.04.2024 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомненија за противзаконско постапување на Комисијата за ------ во врска со Решение УП. број ------ од ------ година на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (понатаму: Второстепена комисија). Видно од решението на Второстепената комисија од ден ------ година, на пријавениот орган му било наложено да ја повтори постапката, што четири години подоцна сеуште не било направено.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање Комисијата за ------.
Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Комисијата за ------ во моменталниот состав била формирана со Решение бр. ------ од ------ година, дополнета со Решение бр. ------ од ------ година, донесени од страна на Министерот за ------. Видно од Решението ДН.бр. ------ од ------ година, ------ ја прекинала постапката по барањето за ------ Дн.бр. ------ од ------ година, поднесено од страна на подносителот на пријавата, со кое се барало враќање во сопственост на недвижен имот кој претставува КП.бр. ------ со површина од 14948 м2 и КП.бр. ------ со површина од 1080 м2 КО ------ со премерот од 1934 година, одземен во корист на државата со Решение за експропријација бр. ------ од ------ година, до решавање на претходно прашање.
На ден 31.05.2024 година до Комисијата за ------ било доставено Барање податоци по Иницијатива ИП1 бр. ------ од ------ година од страна на Државниот управен инспекторат – ------, со кое се барала копија од донесеното решение по насоките на Решението УП. Бр. ------ од ------ на Второстепената комисија. Комисијата за ------ дополнила дека во предметот не се прибавени сите податоци кои се неопходни за правилно и целосно утврдување на фактичката состојба согласно со одредбите од Законот за денационализација, иако комисијата веќе имала барано документација од надлежните институции, а под закана со казна за непостапување од Државниот управен инспекторат, одлучила постапката да ја прекине до решавањето на претходното прашање, односно прибавување на Записник од комисијата за функционалност на ------ на кое ------, за тоа дали предметното земјиште може да биде предмет на реално враќање во сопственост или неможе.
Според член 147 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/05, 110/08 и 51/11), ако органот што ја води постапката наиде на прашања без чие решение не може да се реши самата работа, а тоа прашање претставува самостојна правна целина за чие решение е надлежен суд или некој друг орган (претходно прашање), органот може под услови утврдени во овој закон да ја прекине постапката додека надлежниот орган не го реши тоа прашање. За прекинот на постапката се донесува заклучок против кој е допуштена посебна жалба, освен ако заклучокот го донел второстепен орган.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, од причина што за предметниот случај во тек се

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

постапки пред други надлежни органи, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: С.Д, Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk